РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ
9.9.2022 год.

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет-Скопје
03 Бр. 204/43
9.9. 2022 год.

Постапувајќи по поднесениот приговор од страна на кандидатот со број на електронска пријава – **97672**, со архивски бр. 03-204/41 од 9.9.2022 година, пријавена на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во учебната 2022/2023 година во првиот уписен рок, Конкурсната комисија се состана на 9.9.2022 година и согласно своите надлежности ја донесе следната:

# ОДЛУКА

I. Поднесениот приговор од страна на кандидатот со број на електронска пријава – **97672** и архивски бр. 03-204/41 од 9.9.2022 година, **СЕ ОДБИВА КАКО - НЕОСНОВАН**.

II. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение:**

Согласно условите во **Конкурсот** за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2022/23 година, во глава IX (Дополнителни квоти утврдени од Владата на Република Северна Македонија), процентот на студентите – припадници кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, заедно во државната и во дополнителната квота, треба да биде до процентот на застапеноста на соодветната заедница во вкупното население на Република Северна Македонија.

Согласно **Упатството** за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2022/23 година Бр. 15-485/8 од 29.6.2022 година, донесено од Универзитетската конкурсна комисија на седниците одржани на 29.6.2022 и 24.8.2022 година, распределбата на дополнителни квоти по основ на националност е утврдена во членот 13, според кој распределбата на бројот на кандидатите – припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, факултетите ја вршат според Преглед 1, кој е составен дел на Упатството.

Според **Прегледот 1** – Преглед за распределбата на дополнителни квоти за запишување кандидати – припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, во учебната 2022/23 година (Дополнителни квоти утврдени од Владата на Република Северна Македонија бр. 41-4898/1 од 14.6.2022 година, Сл. весник бр. 139 од 2022 година), дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници чиј број да не е поголем од 10 % од вкупниот број на студенти кои се запишуваат во прва година. Притоа, во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници, **до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население во Република Северна Македонија.**

За заедницата Власи, на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е предвидено едно место заедно во државната и дополнителната квота. Бидејќи во првиот уписен рок за запишување во прв циклус на студии во учебната 2022/23 година **во државната квота веќе е рангиран кандидат кој по национална припадност се изјаснил како Влав, постигната е правична застапеност на наведената заедница.**

Конкурсна комисија:

Вонр. проф. д-р Бојан Каранаков

Вонр. проф. д-р Јован Ивановски

Вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје – Република Северна Македонија – Архитектонски факултет Скопје